КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Бул: Партизански Одреди 64 б 2М

Тел: 30 66 071
E-mail: komora.na.psiholozi@gmail.com

**Врз основа на Член 7, 8 и Член 22 од Законот за вршење на психолошка дејност („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 6/05 од 28 Јануари, 2005 год .) и Член 24 (УО) и 42 од Статутот на Коморатa на психолози на Република Северна Македонија Управниот одбор на Комората на седница одржана на 10.08. 2020 го усвои а на 13.04.2021 и 10.11.2021 го дополни изменетиот**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЊЕ ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ОДОБРЕНИЈА ЗА ВРШЕЊЕ ПРИВАТАНА ПРАКСА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник за издавање и одземање на одобренијата за вршење на приватна пракса ( во продолженија на текстот Правилник) се одредуваат областите , условите, начинот и постапката за издавање и одземање на одобренијата за вршење на приватна психолошка пракса.

### Член 2

Согласно член 7 од законот за вршење на психолошка дејност психологот може да врши психолошка дејност во приватна пракса или врз основа на договор со други правни лица и тоа може да го оствари во следните области:

1. Професионална едукација за психологија, психотерапија, советување
2. Психоедукација ( вршење тренизни и обуки на општа јавност)
3. Психодијагностика

4. Психолошко советување
5. Психотерапија
6. Организацијска психологија и човечки ресурси регрутација, селекција, развој , водење , обука, еввалуација, советување)
7. Психолошко истражување.

**Член 3**

Психолошката дејност во приватната пракса се одвива со давње на психолошки услуги лице во лице или со користење на технологија , во форма на телепсихологија во согласност со етички кодекс на Комора на Психолози на РСМ. Условите за вршење телепсихологија се дефинирани во посебен додаток на правилникот.

## II. ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРИВАТНА ПРАКСА

**Член 4**

Согласно член 8 од законот за психолошка дејност, психологот кој доставува барање за вршење на приватна пракса треба да ги исполнува следните услови, да е:

- дипломиран психолог;
- лиценциран од комората на психолози
- да е доловно способен
- да има соодветна просторија и опрема

1.Со барањето за отварање на приватна пракса треба да се достават следните документи :

- Диплома или уверение за завршн факултет по психологија
- Лиценца , актуелно важечка, општа или посебна издадена од комората
- Кратка биографија
- Документ каде се врши психолошката дејност ( сопственост на просторот, договор за закуп или договор за користење на простор).
- Потврда од АВРМ дека не е во работен однос и , или
- Потврда од АВРМ дека е вработен со пола работно време , или,

- Дозвола за дополнителна дејност од матичната институција каде што работи психологот ( ако е потребно да ја обезбеди согласно важечкиот договор за работа)
- Потврда од МВР дека не е осудуван според член 12 од законот за психолошка дејност.
- Уверение за деловна способност од надлежниот суд
- Лекарско уверение за психофизичка сособност
- Потполнето барање ( Линк кон барањето )
- Договор за групна приватна пракса (помегу двајца и повеке психолози) доколку се бара одобрение за групна приватна пракса.
- Потврда за тригодишно работно искуство (во последните пет години) од областа на психологијата издадена од организации и здруженија кои даваат услуги од соодветна област (поврзана со национална класификација на занимања – шифра за психолози), со опис на работни задачи , работно место и работни часови на неделно ниво . (ова не го вклучува приправничкиот стаж за издавање на лиценца).
- Психолози кои ке отворат приватна пракса со конкретна психолошка дејност ( според национална класификација на занимања – шифра за психолози) да достават и потврда од лиценциран супервизор за 3 година работа под супервизија во областа (минимум 25 часа на годишно ниво , вкупно 75 часа).
- Психолозите кои немаат тригодишно работно искуство ќе го обновуваат одобрението за отварање приватна пракса секоја година во тек на три години под супервизија и преку приложување на извештаи од супервизори признати од комората според правилникот за супервизија.
- Документ за поседување , изнајмување или дозвола за користење на простор (чии услови се дефинирани со овој правилник) на која што адреса ќе се регистрира привтаната пракса.

2. Дополнителни документи со барањето за отварање на психолошко советувалиште

- Лиценца , актуелно важечка, општа или посебна издадена од комората
- Сертификат за завршена обука за психолошко советување ( признаени школи од комората)
- Потврда за тригодишно работно искуство од областа на психологијата издадена од организации и здруженија кои даваат услуги од областа на психосоцијална подршка, со опис на работни задачи , работно место и работни часови на неделно ниво . (ова не го вклучува приправничкиот стаж за издавање на лиценца).

- Психолози кои ке работат психолошко советување треба да достават и потврда од лиценциран супервизор за 3 година работа под супервизија (минимум 25 часа на годишно ниво , вкупно 75 часа)

3. Дополнителни документи со барање за отварање на кабинет за психотерапија

Доколку психологот бара одобрение за отварање на кабинет **за психотерапија** треба да ги достави и следните документи

- Посебна лиценца за вршење психолошка дејност - Психотерапија
- Диплома / сертификат за завршена школа за психотерапија регистрирана во комората на психолози .
- Потврда за работа под супервизија минимум 25 часа на годишно ниво во период од 2 години , вкупно 50 часа .

Супервизорите од РСМ се евидентирани во комората. Комората ги прифаќа и странските лиценцирани супервизори, за кои психологот потрбно е да приложи соодветна документација. Изборот на супервизор го прави барателот од листата на евидентирани супервизори на комората на психолози. Договорот за супрвизија го подготвува комисијата за вршење приватна пракса и истата го следи процесот преку годишни извештаи доставени од супервизорот.

4. Потребните услови за одобрение на отварање едукативен тренинг центар или школа по психотерапија .
Психологот кој ке отвори приватна пракса од овој вид потребно е да достави следните документи:

ЕВРОПСКИ СЕРТИФИКАТ за психотерапија , тренерство или супервизија

- Сертификат за акредитација на школата или потврда за целосно или асоцијативно членство во струковата европска асоцијација
- Посебна лиценца од областа на психологија на здравје , образование и труд издадена од комората
- Програма на школата
- Листа на други едукатори,тренери или супервизори во школата.
- Додека не се добие документ од првата ставка , секоја година се обновува решението за извршување на психолошка дејност

6. За психолозите кои работат телепсихологија ке важат  условите и насоките кои ги пропишува прирачникот за телепсихологија и истиот оди во прилог на овој правилник.  Линк кон прирачникот

7. Комората изготвува регистер на правни лица кои вршат психолошка дејност во приватен сектор , како и регистер на психолози кои работат во приватниот сектор и истите  тековно  ке ги  ажурира.

**Член 5**

За барањето за отварање на приватна пракса одлучува  КОМИСИЈА за вршење на приватна пракса ( во понатамошниот текст,  КОМИСИЈА).

Постапка на разгледување на барањето .

Комисијатта ја разгледува само целосно поднесената документација. Потполноста на документите ја потвдува секретарот на комората според евиденцијската листа доставена до комората.  Увидот на  комплетната документицијата ја врши комисијата.
Со увидот комисијата утврдува дали подносителот ги исполнув наведените услови.

После разгледувањето на документите и барањето, комисијата во рок од 30 дена носи одлука која написмено ја доставува на разгледување на Управниот одбор.  У.О. ја верификува одлуката  и му  ја дава  како предлог  за решение на преттседателот на Комората. Претседателот во рок од 30 дена мора да донесе одлука соодветна на предлогот за решение на управниот одбор.  Комората го информира и му издава решение на барателот  .

**Член 6**

Ако КОМИСИЈАТА утврди дека барањето не е потполно ќе го повика подносителот да го уреди барањето во рок од 30 дена од примањето на повикот со кој се бара уредување на барањето .
Ако подносителот не го уреди барањето во  дадениот рок КОМИСИЈАТА  ќе го одбие барањето.
.

**Член 7**

Решението за издавање на одобренија за вршење на психолошка дејност се впишува во ”Именикот на психолози кои ја остваруваат приватната психолошка пракса ” во согласност со одредбите на Правилникот за водење на евиденција на членовите на Комората.

**Член 8**

Психологот основач на приватната пракса доколку ја проширува приватната пракса, обврзан е да вработува лиценцирани психолози или приправници во процедура за вадење лиценца во Комората.

**Член 9**

Психологот кој ја извршува приватната пракса мора да има три печати кои ќе содржат:

- Факсимил со име и презиме, академска и стручна титула,
- деловоден печат со името на приватната пракса и
- округли печат.

На градбата во која се наоѓаат просториите за вршење на приватна пракса, психологот мора да истакне плакат-плоча на која ќе го содржи и називот на приватната пракса, и/или името и титулата на лиценцираниот психолог/зи во согласност со решението од Комората.

**Член 10**

Психологот кој врши приватна пракса мора да води деловна книга и дневник за евиденција на клиенти, и друга евиденција во согласност со соодветните законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 11**

Одобрението за приватна пракса се обновува на секој 7 години. Во случај на престанок на важноста на лиценцата престанува важноста на одобрението.

**Член 12**

За обновувањето на одобрението на приватна пракса потребни се следните документи:

- Барање за обновување

- Вежечка лиценца
- Потврда за супервизиски часови ( по 20 часа годишно)
- Тековна состојба од Централен регистер не постара од 6 месеци

**Член 13**

Управниот одбор го носи ценовниокот за вадење на одобрение за приватна пракса и обновување на одобрението.

**Член14**

**III. ГРУПНА ПРАКСА**

*Став 1*
Повеќе психолози можат во групна приватна пракса заеднички да вршат психолошки дејности.
Психолозите од став 1 на овој Член, склучуваат Договор за групна пракса.

Договорот мора најмалку да содржи:

- Лични податоци за психолозите кои склучуваат договор;
- Назив и седиште на групна пракса;
- Областите на психолошка дејност со кои ке се занимаваат,
- Потребни лиценци;
- Управител на групната пракса;
- Основачките средства;
- Начинот на вложување на средствата;
- Начинот на одлучување;
- Меѓусебните права и обврски на членовите;
- Начинот на распределба на средствата;
- Начинот на поделба на добивките;
- Начинот на раскинување на договорот и отказни рокови;
- Начин и услови за излез на поединечниот член од групната пракса;
- Надлежност на судот во случај на спор.

**Член 15**

Психолозите кои сакаат да извршуваат психолошка дејност во приватната групна пракса поднесуваат барање според член 5 на овој Правилник; со барањето го приложуваат и договорот за групна пракса.
Постапката за одлучување на барањето за одобрување на приватната пракса се применува и на донесувањето на одлуката за групна пракса.

## IV. УСЛОВИ ЗА ПРОСТОР , ОПРЕМА И НАДОКНАДА

### Член 16

За реализирање на психолошка дејност во рамки на приватната пракса, следниве услови мора да бидат исполнети:
1. Објектот за вршење на приватна пракса мора да ги задоволува следниве санитарно-технички услови:
- мора да ги има сите соодветни комунални и санитарни услови. Санитарниот чвор мора да има лавабо со проток на вода ( топла и ладна), и соодветен хигиенски прибор ( вклучувајќи и течен сапун, хартија за бришење на раце за една употреба, односно сушалка за раце).
- мора да бидат осветлени со природен извор на светлина. Доколку не е возможно да се примени природен извор на светлина на целата површина на просторијата, треба да се осветли со соодветни уреди.
- мора да бидат архитектонски изведени така да можат лесно да се проветруваат. Во просториите со недоволно природно проветрување, потребно е да се овозможи вградена вентилација.
- мора да обезбеди определена температура за работа. Температурата во просторијата треба да се одржува помеѓу 18 и 24 степени.

Просториите не може да се користат за стамбени потреби или за друга намена. Доколку се користи дел од стамбен приватен простор , мора да биде адаптиран , визуелно и звучно изолиран , со посебен тоалет или со посебен влез за да се зачува приватноста, дискрецијата и доверливоста на клиентите .

### Член 17

2. Просторија за работа:
- Содржина на просторијата за остварување на психолошка дејност во приватна пракса: простор за работа со корисникот на психолошки услуги од најмалку 5 м2 површина.
- Кај групно тестирање или групна психотерапија, потребно е да се обезбеди простор од најмалку 1м2 за еден испитаник или клиент,

- Заедничка просторија: Психолозите во групната пракса можат да имаат заедничка просторија со тоа што мораат да имаат толку простории за работа со корисниците на психолошки услуги колку што психолози работат во една смена.

1. Простор за Едукативен Центар или Школа

Простор за отварање на едукативен центар или школа за психолошка или психотерапевска едукација на стручни лица или пошироката јавност да ги задоволува условите од член 16 :

1. Простор за едукација со минимум 16 метри квадратни
2. Простор за административни  активности со минимум од 4 метри квадратни
3. Простор за  чајна кујна

2. **Техничка опрема:**

- работна маса и стол за психологот;
- стол за корисникот на психолошките услуги;
- повеке масички и столчиња за групно тестирање
- паравани (по потреба)
- ормар за документација со заштитна брава.
- Компјутер- во случај за електронско водење на корисниците на психолошка дејност.
- Во случај на групно тестирање, просторот мора да ја има следнава техничка опрема:
- стол за корисниците на психолошките услуги.

Психодијагностичките средства кои се користат за тестирање на корисниците на услуги, мора да бидат заштитени во согласност со Правилникот за психодијагностички инструменти и правата на корисниците. Податоците на корисниците на психолошките услуги треба да се заштитат согласно Законот за заштита на лични податоци.

**Член 18**

Одобрение за соодветен простор и опрема издава комисијата за приватна пракса од која тројца членови ке излезат на увид пред да го изддат одобрениео.

**Член 19.**

Финансискиот надомест за издавање одобрение за отварање приватна пракса чини 200 eu ( денарска противвредност на денот на уплатата според среден курс на НБРМ) Првата уплата ке биде на износ од 50  eu ( денарска противвредност на денот на уплатата според среден курс на НБРМ) неповратни средства за разгледување на документацијата , излегување на терен и друга работа на комисијата за приватна пракса. По донесување одлука за издавање на одобрение за отварање приватна пракса кандидатот ја доплатува преостанатата сума.
Финансискиот надомест за обновување на одобрение за отварање на приватна пракса ке биде на износ од 50  eu ( денарска противвредност на денот на уплатата според среден курс на НБРМ) неповратни средства за разгледување на документацијата , излегување на терен и друга работа на комисијата за приватна пракса.

## V. ОДЗЕМАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПРИВАТНА ПРАКСА

### Член 20

Во случај на непочитување и прекршување на законот за вршење на психолошка дејност (член 10 и член 12), прекршување на етичкиот кодекс, неосновано јавно презентирање, нудење и рекламирање на услуги без соодветна стручна квалификација и едукација, губење на деловна способност, одземање на лиценца или  сторено кривично дело во дејноста

Комисијата ќе донесе предлог одлука за:

- Предупредување пред одземање на одобрение
- времена мерка на работа под надзор на комисијата *
- одземање на одобрението за приватна пракса

Процедурата за одземање на одобрението на приватна пракса отпочнува по основ на пријава- жалба од клиент или трето лице до комората. Пријавата се доставува во писмена форма до комората.

На основа на предлог одлука на комисијата , Претседателот на Комората донесува решение за предупредување, работа под надзор или одземање на одобрение за вршење на приватна пракса.

## VI. ПОСТАПКА НА ЖАЛБА

**Член 21**

Против решението за престанување на одобрението за приватна пракса може да се поднесе жалба до надзорен одбор на комората во рок од 15 дена на прием на решението. Надзорниот одбор е должен да ја разгледа жалбата и да даде предлог до претседателот на комората во рок од 30 дена . Жалбата го одложува престанувањето на одобрението за приватна пракса се до конечната одлука.

## VII. КОМИСИЈА ЗА ПРИВАТНА ПРАКСА

**Член 22**

За организирање на работата на Приватната пракса, Комората на психолози формира Комисија. Комисијата ја сочинуваат 7 члена претседател, подпредседател и 5 члена . Изборот на комисијата го прави У.О на комората на база на повик од регистриранто членството . Претседателот и потпредседателот потребно е да имаат минимум петгодишно работно искуство во приватна пракса, и да поседуваат посебна лиценца. Останатите членови на комисијата потребно е да имаат најмалку 3 години работно искуство во приватна пракса .
Мандатот на функционирање на комисијата е 4 години со можност на реизбор . Комисијата остварува кворум кога се присутни 3 члена со задолжително присуство на претседателот или подпретседатоелот.
Комисијата работи според правилникот за работа на регулирање на приватна пракса.

## VIII. ТРОШОЦИ ЗА ПОСТАПКИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ОДОБРЕНИЈАТА ЗА ПРИВАТНА ПРАКСА

**Член 23**

Управниот одбор донесува одлука за цената на трошоците за постапките за издавање и одземање на одобренијата/решенијата за приватна пракса.

Подносителот на барањето за отварање на приватна пракса односно психологот на кој му се одзема одобрението за приватна пракса ги сноси трошоците од став 1 од овој Член.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

Психолозите кои веќе извршуваат приватна пракса , после стапувањето на сила на изменетиот правилник за приватна пракса , должни се во рок од 6 месеци да поднесат барање до Комората за издавање на одобрение за извршување на приватна пракса и да ги достават следните документи:
1. Диплома или уверение
2. Лиценца ( општа/посебна)
3. Кратка биографија
4. Тековна состојба на правно лице
5. Документ каде се врши психолошката дејност ( сопственост на просторот или договор за закуп).
6. Доколку врши психолошка дејност психотерапија да достави сертификат за завршена школа за психотерапија регистрирана во комората на психолози , регистрирана во европакста струкова асоција како целосен член или асоцијативен член и/или поседува сертификат за европски акредитиран тренинг центар или психологот да е носител на европски струков сертификат или ЕСР .

Доколку комисјата утврди дека не се исполнуваат условите според правилникот комисијата има право да направи увид на терен и да побара ревизија на условите.

Член 26

Измените и дополнувањата на овој Правилник се донесуваат со истата постапка како што се донесува Правилник.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА Р.С. МАКЕДОНИЈА

Мирјана Јовановска Стојановска